РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAOEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2490/1
22-07-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по основ на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2025 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на ден 16.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предмет со бр. 08-5284/1 од 10.11.2023 година СЕ ЗАПИРА.

Предметот со бр. 08-5284/1 од 10.11.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со бр. 08-5284/1 од 10.11.2023 година е оформен врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2023 година, за проверка на вистинитоста на податоците од Изјавата за имотна состојба и интереси на лицето ____________, пратеник во Собранието на РСМ.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК прибави податоци за имотот на ____________ и за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство. Податоците се побарани од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и

податоци од банките и другите финансиски институции во Република Северна Македонија.

По анализа на прибавените податоци и нивно споредување со податоците од анкетниот лист и Изјавата за имотна состојба и интереси на ____________, ДКСК констатира дека податоците во анкетниот лист и Изјавата се совпаѓаат со прибавените податоци од конкретните институции.
Додека по анализа на податоците прибавени од финансиските институции во РСМ констатирано е дека _____________ нема пријавено две сметките во Силк Роуд Банка во лична сопственост и во сопственост на неговиот син _______________.

Исто така од увидот во Дистрибутивниот систем на Централен Регистар на Република Македонија, за именуваниот и членовите на неговото семејство утврдено е дека со сопругата се сопственици на правен субјект ДУПТУ ______ДОО ___________ кој што не е пријавен во анкетен лист.

Во текот на постапката Комисијата се запозна со јавно објавената информација дека лицето ______________, пратеник во Собранието, починало. Имајќи ја предвид оваа околност и сето претходно наведено, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р Н.Т.-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК